## Петти државен натпревар по историја за учениците од средното образование

Во организација на Сојузот на друштвата на историчарите на Република Македонија, а во соработка со Педагошкиот завод на Р. Македонија и Републичкиот одбор на СЗБ од НОАВ на Македонија, на 13 и 14 мај 2000 година, во гимназијата „Браќа Миладиновци“ во населбата Драчево во Скопје, се одржа Петтиот државен натпревар по историја за учениците од средното образование.

Државниот натпревар по историја, традиционално, и оваа година, ја имаше општата тема „НА ВРУТОЦИТЕ НА НЕПОКОРОТ“ Во рамките на темата, беа обработувани процесите, настаните и личностите од историското минатото на македонскиот народ. Како посебни теми на кои учениците им посветуваа внимание беа: 2000 години христијанство во Македонија, 60 години од смртта на Димитрија Чуповски, 55 години од основањето на организацијата на Обединетите нации, 55 години од победата над фашизмот во Втората светска војна (формирањето на првата влада на Македонија) и животот и делото на Елпида Караманди, Ибе Паликуќа и Естреја Овадија.

На натпреварот учествуваа 59 ученици, победници на претходно организираните училишни натпревари, а присуствуваа и нивните професори - ментори. Учениците дојдени од другите градови од Републиката, беа сместени кај нивни соученици од Гимназијата, додека пак менторите во хотелот „Панорама“.

Организацијата на натпреварот од страна на сите организатори и посебно домаќинот гимназијата „Браќа Миладиновци“ со неговиот директор и професорите по историја, беше на завидно ниво. Од нивна страна беше организирана и посебна мошне успешна и интересна приредба во која учениците од гимназијата ги покажаа своите музичко-сценски и рецитаторски способности. Домаќинот, во слободниот термин за учениците и професорите организираше и посета на Марков манастир, а на 13 мај, во вечерните часови, СДИРМ организира и другарска вечер на која присуствуваа сите професори ментори.

Во работниот дел, во извонредна натпреварувачка атмосвера, поделени во четири помали групи сместени во училници, учениците имаа за задача да одговорат на поставените 30-тест прашања, класифицирани во четири групи. За нивното решавање пак, тие имаа на располагање шеесеттина минути.

По извршеното тестирање и прегледувањето на тестовите од страна на Комисијата, едногласна беше констатацијата и оценката дека учениците кои се натпреваруваа покажаа извонредни познавања од областа на историјата.

На првото место, од можните 90 бода се пласираа три ученика со освоени 88 бода. Тоа беа учениците: Билјана Ристоска од УСО „Св. Наум Охридски“ од Македонски Брод, со менторот проф. Гојко Алексоски, потоа Оливера Левова од гимназијата „Добри Даскалов“ од Кавадарци, со менторот проф. Блаже Јованов и Софија Петрова од УСО „Методија Митевски Брицо“ од Македонска Каменица, со менторот проф. Митко Антовски. За покажаните извонредни резултати од областа на историјата и освоеното прво место,

покрај диплома, учениците како награда добиаја и по 2 000 денари и комплет книги подарок од Институтот за национална историја како и признание за нивното учество на Петтиот државен натпревар по историја, а нивните ментори добијја „Историски атлас", подарок од издавачот Сојузот на друштвата на историчарите на Република Македонија и благодарници за нивното учество и постигнати резултати на државниот натпревар.

Второто место го освои ученикот Милан Елискоски од ДСЕУ „Јане Сандански" од Битола со освоени 87 бода, со менторот проф. Фоте Мацев. Ученикот беше награден со Диплома за освоено второ место, 1 500 денари, комплет книги подарок од Институтот за национална историја и признание за учество на Петтиот државен натпревар по историја а менторот доби Историски атлас. подарок од издавачот. Благодарница за неговото учество и постигнати резултати на државниот натпревар.

На третото место, во силната конкуренција се пласираа двајца ученици и тоа: Александара Димеска од УСО „Кочо Рацин" од Велес со освоени 86 бода, со менторот проф. Вера Стојанова и Дарко Петрушевски од ЕМАУЦ „Арсени Јовков" од Скопје, со менторот проф. Марија Медарска. Учениците беа наградени со диплома за освоено трето место, 1 000 денари, комплет книги подарок од Институтот за национална историја и признание за учество на Петтиот државен натпревар по историја. Исто така, беа наградени и нивните ментори со еден „Историски атлас", подарок од издавачот а добија и благодарници за нивното учество и постигнати резултати на државниот натпревар.

1. Наташа Божичковиќ, од гимназијата „Гоце Делчев" во Куманово, со менторот проф. Соња Цветковска;
2. Златко Трајковски, од гимназијата „Мирче Ацев" од Прилеп, со менторот проф. Снежана Цвејоска;
3. Димитарче Митевски, од ДСУ „Митко Пенџуклиски" од Кратово, со менторот проф. Миле Марковски;
4. Диме Ратајкоски, од УСО „Браќа Миладиновци" од Скопје, со менторот проф. Сузана Митеска;
5. Ристо Паланов, од гимназијата „Георги Димитров", од Скопје, со менторот проф. Љупка Смилановска
6. Трајче Панов, од ДСУ „Раде Јовчевски - Корчагин" од Скопје, со менторот проф. Петранка Максимоска;
7. Зоранчо Атанасов, од УСО „Коста Сусинов" од Радовиш, со менторот проф. Јордан Пецов;
8. Ванчо Шахпаски, од ЦСО „Ацо Русковски" од Берово, со менторот проф. Спасе Чамовски;
9. Љупчо Стојановски, од ДСУ „Таки .Даскало" од Битола, со менторот проф. Трајче Капароски;
10. Хари Ајцев, од гимназијата „Јосиф Јосифовски – Свештарот" од Гевгелија, со менторот проф. Миле Смилков;
11. Виолета Стојчевска, од УСО „Ѓорче Петров" од Крива Паланка, со менторот проф. Свето Милановски;
12. Бојана Ивановска, од ПЕКНАС, Скопје, со менторот проф. Диме Мацоски;
13. Александар Данески, од ДСУ „Ристе Ристески – Ричко" од Прилеп, со менторот проф. Снежана Николоска;
14. Љубиша Златески, од УСО „Кирил Пејчиновиќ" од Тетово, со менторот проф. Јованка Јовановска;
15. Валентина Ивановска, од УСО „Кочо Рацин" од Скопје, со менторот проф. Драгица Арсова;

16. Драгица Димиџиевска, од ДСУ „Цар Самуил“ од Ресен, со менторот проф. Зоран Тански;
17. Маја Милошевска, од УСО „Чеде Филиповски – Даме“ од Гостивар, со менторот проф. Радислав Гиноски;
18. Даниела Трајковска, од УСО „Кочо Рацин“ од Свети Николе, со менторот проф. Коста Штериов;
19. Санела Гоговска, од УСО „Нико Нестор“ од Струга, со менторот проф. Цветан Станковски;
20. Виктор Христов, од гимназијата „Јане Сандански“ од Струмица, со менторот проф. Александра Манчева;
21. Катерина Крстева, од ДСУ „Методија Митевски – Брицо“ од Делчево, со менторот проф. Спиро Митевски;
22. Татијана Христовска, од ДЕТУ „Кузман Јосифовски – Питу“ од Прилеп, со менторот проф, Трајче Ристески;
23. Билјана Римческа, од УСО „Ѓорче Петров“ од Прилеп, со менторот проф. Павлина Столеска;
24. Божо Бубало, од гимназијата „Јосип Броз – Тито“ од Скопје, со менторот проф. Драган Стефановски;
25. Љубинка Трајановска, од гимназијата „Никола Карев“ од Струмица, со менторот проф. Ацо Ангелов;
26. Весна Трајковска, од ДСУ „Орце Николов“ од Скопје, со менторот проф. Оливера Димова;
27. Марија Киселоска, од ДСУ „Наум Наумовски – Борче“ од Крушево, со менторот проф, Владо Деспотовски;
28. Горан Здравковски, од ЕМУЦ „Коле Неделковски“ од Велес, со менторот проф. Јованче Талаков;
29. Дарко Серафимов, од УСО „Љупчо Сантов“ од Кочани, со менторот проф. Стојан Спиров;
30. Златко Тапчановски, од МЦ „Гоце Делчев“ од Скопје, со менторот проф. Спасена Ангеловска;
31. Гоце Ивановски, од УЦСО „Моша Пијаде“ од Тетово, со менторот проф. Ѓуре Сибиноски;
32. Слаѓана Пауновска, од ДСМУ „Јане Сандански“ од Штип, со менторот проф. Благој Бојчев;
33. Предраг Илиевски, од ЗУ „Киро Бурназ“ од Куманово, со менторот проф. Билјана Тодоровска;
34. Ерол Сејдини, од УСО „Злате Малакоски“ од Гостивар, со менторот проф. Јованка Јовановиќ;
35. Илинка Гичова, од УСО „Св. Кирил и Методиј“ од Неготино, со менторот проф. Блаже Лазовски;
36. Слободан Кирковски, од ДСЕМУ „Ѓорѓи Наумов“ од Битола, со менторот проф. Јани Натев;
37. Ацо Атанасовски, од ЕМАУЦ „Гошо Викентиев“ од Кочани, со менторот проф. Никола Савев;
38. Анета Левковска, од ДСУ „Цветан Димов“ од Скопје, со менторот проф. Диме Мацовски;
39. Климентие Џамтовски, од ДСЗУ „Кузман Шапкарев“ од Битола, со менторот проф. Славе Јошевски;
40. Владимир Чолаковски, од УСО „Димитар Влахов“ од Скопје, со менторот проф. Елица Василеска;
41. Новица Колевски, од ГМЦ „Чеде Филиповски – Даме“ од Скопје, со менторот проф. Наташа Неделковска;
42. Георгина Симоновска, од УСО „Јовче Тесличков“ од Велес, со менторот проф. Цане Кимов;
43. Александар Стојановски, од ДЕТУ „Михаило Пупин“ од Скопје, со менторот проф. Станка Тодоровска;
44. Даниела Јовановска, од ДСХТУ „Марија Кири Склодовска“ од Скопје, со менторот проф. Нада Лозановска;
45. Блашко Крстев, од МУЦ „Киро Спанџов“ од Кавадарци, со менторот проф. Ристо Трајков;
46. Шерафетин Куртов, од УСО „Димитрија Чуповски“ од Велес, со менторот проф. Љубе Јовановски;

47. Паце Стојческа, од ДСУ „Орде Чопела“ од Прилеп, со менторот проф. Славка Грданоска;
48. Даниел Додевски, од ДСТУ „Наце Буѓони“ од Куманово, со менторот проф. Светлана Сарк
49. Верка Најдова, од СУЦ „Ѓорче Петров“ од Кавадарци, со менторот проф. Атанас Атанасов;
50. Селма Алилоска, од ДСМУ „Панче Караѓозов“ од Скопје, со менторот проф. Кенан Исени, и
51. Бобан Маладеновски, од ДСУ „Наум Наумовски – Борче“ од Пробиштип, со менторот проф. Звонко Мирев.

Прогласувањето на победниците и доделувањето на наградите го направи претседателот на Сојузот на друштвата на историчарите на Република Македонија д-р Васил Јотевски.

На крајот, во завршниот дел кој следеше по прогласувањето на победниците, што беше направено во пријатна и другарска атмосфера, во знак на благодарност за извонредно добро организираниот натпревар и посебно за сместувањето и грижата за учениците, претседателот на Сојузот на друштвата на историчарите на Р Македонија, од името на организаторите, на домаќинот гимназијата „Браќа Миладиновци“ од Скопје, односно на неговиот директор Анѓеле Трајковски и професорите по историја Јордан Илиоски, Цвета Спасовска и Сузана Митеска им упати посебна благодарност. Во пригодниот говор тој нагласи дека организаторите се мошне задоволни и од интересот, и присуството на професорите и учениците на натпреварот но и од постигнатите резултати, притоа укажувајќи дека наредниот државен натпревар по историја ќе се одржи во мај 2001 година, а според традицијата, во градот чиј ученик на натпреварот го освои првото место.

Ѓорѓи ЧАКАРЈАНЕВСКИ